Бр. 09-1036/2
27.03.2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на четвртата седница одржана на ден 20 март 2019 година донесе

Одлука

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема доволно податоци за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси во предметот со број 09-1036/1 од 05.03.2019 година.

Предметот со број 09-1036/1 од 05.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата не се доставува писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на Државната комисија, од причини што подносителот, до ДКСК, не доставил адресни податоци за контакт.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09-1036/1 од 05.03.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од физичко лице кое не доставило адресни податоци за контакт во самата пријава.

Во пријавениот случај е наведено дека во еден основен суд од една општина, еден судски администратор ја вработил својата братучетка, без конкретни податоци за истата, што по пријавувачот претставува непотизам и е настаната состојба на судир на интереси.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира дека во истата нема доволно податоци и елементи за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереи согласно член 76 став 1 од истиот закон.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

Република Северна Македонија • ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА • Скопје • Shkup • KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TE KORRUPSIONIT • Republika e Maqedonisë së Veriut

Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk